**20090831500**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за јавните претпријатија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јуни 2009 година.

Бр. 07-2948/1
30 јуни 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Член 1

Во Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006 и 22/2007), членот 7 се менува и гласи:

„Јавните претпријатија и друштвата кои вршат дејност од јавен интерес, водењето на сметководството, подготвувањето и поднесувањето на годишната сметка и финансиските извештаи го вршат во согласност со Законот за трговските друштва и усвоените меѓународни сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во “Службен весник на Република Македонија“.

Водењето на деловните книги и нивното чување, чувањето на сметководствените документи, како и на годишните сметки и финансиските извештаи се врши согласно со одредбите од Законот за трговските друштва, кои се однесуваат на водење на трговските книги.“

Член 2

Во членот 8-б став 1 точка а) зборовите: "достапни на" се заменуваат со зборовите: "достапни од".

Во ставот 2 точката г) се менува и гласи:

"г) давање на финансиски поволности преку откажување од наплата на побарувањата.“

Ставовите 4 и 5 се бришат.

Член 3

Во членот 8-в ставот 1 се менува и гласи:

“Јавните претпријатија, односно друштвата коишто меѓу другото вршат и дејности од јавен интерес се должни да водат посебна сметководствена евиденција во следниве случаи, ако:

1) вршат повеќе дејности од јавен интерес, односно други дејности;

2) имаат ексклузивни права во вршењето на дејноста од јавен интерес и

3) добиваат државна помош во која било форма вклучувајќи помош, поддршка или компензација, во врска со вршењето на дејностите од јавен интерес.“

Во ставот 3 точката в) се брише.

Ставот 4 се брише.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во “Службен весник на Република Македонија”.